## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 81/08, 20/09 и 57/10) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРКИТЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА, ПРОМЕТ СО РАСТЕНИЈА, РАСТИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ПРЕДМЕТИ *

* Со овој правилник се врши усогласување со одредбите на Директивата на Советот бр.2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата, број 32000L0029; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2001/33/ЕЗ на 8 Мај 2001 година, број 32001L0033; изменета и дополнета со Директивата бр.2002/28/ЕЗ од 19 март 2002 година, број 32002L0028; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/36/ЕЗ на 29 април 2002 година, број 32002L0036; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2002/89/ЕЗ од 28 ноември 2002 година, број 32002L0089; изменета и дополнета со Директивата бр.2003/22/ЕЗ од 24 март 2003 година, број 2003L0022; изменета и дополнета со Регулативата на Советот (ЕЗ) бр.806/2003 од 14 април 2003 година, број 32003R0806; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/47/ЕЗ на 4 јуни 2003 година, број 32003L0047; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2003/116/ЕЗ од 4 декември 2003 година, број 32003L0116; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/31/ЕЗ од 17 март 2004 година, број 32004L0031; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/70/ЕЗ од 28 април 2004 година, број 32004L0070; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2004/102/ЕЗ на 5 октомври 2004 година, број 32004L0102; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр. 2005/15/ЕЗ од 28 февруари 2005 година, број 32005L0015;изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/16/ЕЗ на 2 март 2005 година, број 32005L0016; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/77/ЕЗ од 11 ноември 2005 година, број 32005L0077; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/14/ЕЗ од 6 февруари 2006 година, број 32006L0014; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/35/ЕЗ од 24 март 2006 година, број 32006L0035; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2007/41/ЕЗ од 28 јуни 2007 година, број 32007L0041; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2008/64/ЕЗ од 27 јуни 2008 година, број 32008 L0064; изменета и дополнета

со Директивата на Комисијата 2008/109/ЕЗ од 28 ноември 2008 година, број 32008L0109; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2009/7/ЕЗ на 10 февруари 2009 година, број 32009L0007; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2009/118/ЕЗ на 9 септември 2009 година, број 32009L0118; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2009/143/ЕЗ од 26 ноември 2009 година, број 32009L0143; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2010/1/ЕУ од 8 јануари 2010 година, број 32010L0001; Директивата на Комисијата бр.1992/90/ЕЗ од 3 ноември 1992 година за утврдување на обврските кои се однесуваат на производителите или увозниците на растенија, растителни производи и други објекти и за утврдување на деталите за нивна регистрација, број 31992L0090.

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција, начинот на спроведување на проверките на здравјето на растенијата, содржината и начинот на известување за податоците за производство, преработка, промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети.

**Член 2**

(1) Лицето одговорно за здравјето на растенијата, евиденцијата за приозводство, преработка и промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети ја води во пишана и електронска форма со дневен внес на сите податоци за извршеното приозводство, преработка и промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои ги купува за складирање или садење во простории, кои ги произведува или нуди за продажба.

(2) Во евиденцијата од став (1) на овој член лицето одговорно за здравјето на растенијата внесува и податоци за:

- видовите (сорти) на растенија, растителните производи и други објекти и предмети, нивниот степен на одгледување и нивното потекло;

- редовна визуелна проверка на здравствената состојба на растенијата, растителните производи, вклучувајќи времето и опсегот на прегледот за утвдената здравствена состојба;

- употреба на производи за заштита на растенијата;

- прометот со растенија, кои ги купува за складирање или садење, или кои ги нуди на продажба; и

- местото на производство, согласно ажурираниот план на местата каде што ги одгледува, призведува, складира, чува или користи растенија, растителните производи и други објекти и предмет.

**Член 3**

Лицето одговорно за здравјето на растенијата проверката на здравствената состојба на растенијата ја врши со редовни визуелни прегледи на растенијата, растителните производи и други објекти и предмети, вклучувајки и прегледи на регистрираните места на производство, со цел да открие појава на штетен организам, симптоми или други појави на растенијата, како и за производството и појавата на заболени растителни видови.

**Член 4**

(1) Доколку по извршениот визуелен преглед лицето одговорно за здравјето на растенијата востанови ненадејна или невообичаена појава на штетен организам, симптоми или други појави на растенијата, како и за производството и појавата на заболени растителни видови веднаш го известува фитосанитарниот инспектор, друго овластено правно лице и Фитосанитарната управа.

(2) Известувањето од став (1) на овој член, лицето одговорно за здравјето на растенијата го доставува до Фитосанитарната управа и до фитосанитарниот инспектор на образец даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Лицето одговорно за здравјето на растенијата во случај на промените на податоците кои се внесуваат во Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, треба во рок од 15 дена од денот на настанување на промените да ја извести Фитосанитарната управа со поднесување на пријава на образец кој е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(4) Лицето одговорно за здравјето на растенијата го известува фитосанитарниот инспектор за предвиденото годишно производство на секој вид на растение, растителен производ и други објекти и предмети најдоцна до 30 април секоја година или за растенија со повеќе од еден вегетациски циклус годишно, најмалку месец дена пред почетокот на производството, со поднесување на пријава за годишното производаство по видови на растенија за садење,

определено место на производство, по производни единици и за планирано производство и движење, на образец даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-63/8 Министер
за земјоделство,

30 август 2010 година шумарство
и водостопанство,

Скопје
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

# Известување за ненадејна или невообичаена појава на штетен организам, симптоми или други појави на растенијата, како и за производството и појавата на заболени растителни видови

| | | |
|---|---|---|
| Регистриран сопственик / Странка<br><br>Регистерски број:<br>□□□□□□ | Место:<br>Дата: | Евиденциски број на лицето одговорно за здравјето на растенијата: |
| | Место на производство: | Лице одговорно за здравјето на растенијата:<br><br>□ **ИТНО!** |

**I. Место на производство**

| | | |
|---|---|---|
| Вид на локација:<br>□ производство на семенски материјал<br>□ производство на земјоделски растенија<br>□ останати одгледувалишта | □ преработка<br>□ складиште<br>□ дистрибутивен центар<br>□ продажно место<br>□ друго | Адреса:<br>Катастарска општина и број:<br>Парцела<br>Единица на производство и /или опис на локација (детален опис на местото на производство во м) |

**II. Опис**

Ботаничко име на растенијата, растителните производи:

Сорта/ подлога

Вид на саден материјал:
Возраст/ старост:

Вкупна количина/ површина:

Пратка или партија (дел од пратка):
Потекло:

**III. Цел на известувањето**

□ се сомневам на:
□ патентна состојба/инфекција:
□ друго:

**IV. Опис на симптомот** (просторен распоред на растенијата, заразени делови на растенијата,опис на симптоми на болеста, први забележани симптоми)

**V. Други податоци** ( простoрен распоред на растенија, употреба на производи за заштита на растенијата , начин на снабдување со вода, предходна култура, сегашна и идна култура)

| | |
|---|---|
| **VI. Забелешка.** | печат: |
| **VII. Доставено до:**<br><br>□ **ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА**<br>□ **ФИТОСАНИТАРНА ИНСПЕКЦИЈА** | Потпис на лицето одговорно за здравјето на растенијата |

ПРИЛОГ 2

**БАРАЊЕ ЗА ПРОМЕНА НА УПИС ВО РЕГИСТАР**

ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИКОТ И ЛИЦЕТО ОДГОВОРНО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

**I. 1. Единствен регистарски број на сопственикот Регистар**

**2. Број на решение за упис во Регистар**:

**3. Дата**:____________________________

/При прв упис пополнува Фитосанитарната управа/

**4.Службена забелешка**:______________________

☐ **Прв упис** ☐ **Изменување или дополнување** ☐**Бришење**

1а ☐ производител ☐ преработувач ☐ трговец/дистрибутер ☐ увозник

1б ☐ земјоделец ☐ самостоен стопанственик ☐ правно лице

☐ /во квадратчето означете ја дејноста со X /

**II.** 1. Сопственик на растенијата: ____________________________________

/ име и презиме /

____________________________________

/ назив на фирмата/

2. Единствен матичен број на граганинот: ______________________________

(пополнува физичкото лице и самостојниот стопанственик)

3. Број од Централен регистар: ____________________ единица во состав ____________

/деловен субјект и самостоен стопанственик /

4. Даночен број: ______________________
5. Адреса: улица и број: ________________________________
6. Општина: ________________ Пошта: ______________

7. Населба: ____________________
8. телефон: ____________________ моб:____________________

9. На адресата вршам барем една од дејностите според шифрарникот ☐ ДА ☐ НЕ

10. Дејност вршам и на други локации ☐ ДА ☐ НЕ

**III.** Евиденциски број на лицето одговорно за здравјето на растенијата:____________________

/При прв упис пополнува Фитосанитарната управа/

**IV.** 1. Лице одговорно за здравјето на растенијата: ______________________________

/име и презиме /

______________________________

/ назив на фирмата/

(внесете ги податоците за лицето одговорно за здравјето на растенијата, ако тоа не е самиот сопственик)

2. Единствен матичен број на граганинот: ______________________
3. Даночен број: ______________________
4. Адреса улица и број: ________________________________
5. Општина: ________________ Пошта: ______________

6. Населба:____________________
7. телефон: ____________________ моб: ________________
8. Лице одговорно за здравјето на растенијата.

☐ сопственик ☐ редовен работен однос ☐ времено вработен /по договор/ ☐ кооперација

Назив на фирмата кооперант:________________________ФИТО-МИБ:________________

(пополнува ФУ)

☐/во квадратчето со X означете ги податоците за лицето одговорно за здравјето на растенијата/

ПРИЛОГ 2

ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ЗА МЕСТОТО НА ПРОИЗВОДСТВО

**V.Пријава** на местото/единицата на производство број:_______________од вкупно _____________
**Одјава** на местото/единицата на производство број:________________од вкупно _____________
Број ФИТО-МИБ или ЗМС-МИБ_____________________________
Дата :____________________

☐ локација на производство ☐ локација на преработка ☐ склад
☐ дистрибуциски центар ☐ продажно место
☐ /во квадратчето со X означете го видот на место на производство /

1. 1. Адреса улица и број: _________________________________________
2. Општина: _______________________ Пошта: _________________
3. Населба:_________________________
4. телефон: _____________________________ моб: _______________________

**2.** Покриен простор на адресата од точката 1, во кој се произведуваат, преработуваат, дистрибуираат складираат, продаваат или увезуваат растенија наведени во Листа V дел А:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид просторија | ☐ стакленик | ☐ пластеник | ☐ склад | ☐ друго__________ |
| КО / КП број | | | | |
| Површина (м²) | | | | |

**3.**Земјоделско земјиште на адресата од точката 1, на кое се произведуваат, преработуваат, дистрибуираат, продаваат или увезуваат растенија од Листа V дел А.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на земјиште | ☐ нива | ☐ траен насад | ☐ друго______________ |
| КО / КП број | | | |
| Површина (ха, ар, м²) | | | |

**4.** Група/и на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на кои се однесува дејноста:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ☐ | Саден материјал[1] во овоштарството | ☐ | Саден материјал од едно- или двогодишни украсни растенија |
| ☐ | Саден материјал на виновата лоза | ☐ | Саден материјал од дрвенасти украсни растенија |
| ☐ | Саден материјал на хмељот | ☐ | Саден материјал од шумски растенија |
| ☐ | Семенски компир | ☐ | Саксиско украсно цвеќе |
| ☐ | Компир за јадење | ☐ | Режано цвеќе |
| ☐ | Саден материјал од сите видови на репка, блитва и цвекло | ☐ | Почва и подлога за одгледување |
| ☐ | Семе за земјоделски растенија | ☐ | Дрво односно кора од дрво |
| ☐ | Саден материјал во градинарството | ☐ | Плодови |

[1]Како саден материјал се сметаат садници, калеми, подлога за калемење, расад, ризоми, кртоли и луковици
/во квадратчето со X означете ја соодветната група/

**VI.** Лице одговорно за здравјето на растенијата на местото на производство од точката 1.
☐ е наведено во поглавјето IV. ☐ не е наведено во поглавјето IV.
1. Лице одговорно за здравјето на растенијата кое не е наведено во поглавјето IV.

_________________________________ _____________________________
/име и презиме / / назив на фирмата/

2. Даночен број: ______________________
3. Адреса улица и број: _________________________________
4. Општина: ____________________ Пошта: ____________
5. Населба:______________________
6. телефон: _________________________ моб: ___________________

Со потпис гарантирам за точноста на податоците

Дата: _____/____/_____________ ____________________________________________
Потпис и печат на сопственикот

ПРИЛОГ 3

**ПРИЈАВА НА ГОДИШНОТО ПРОИЗВОДСТВО**

**I. СОПСТВЕНИК НА РАСТЕНИЈАТА**

Име и презиме или назив на фирмата ______________________________

Статус на сопственикот: ______________________________

Населба:______________________ Улица и број ______________________

Поштенски број:______________Телефон:______________

Единствен регистарски број на сопственикот: ______________

Пријава на производство за година:__________

Пасошот за растенија го издава: □ самиот сопственик □ трето лице

**II. МЕСТО НА ПРОИЗВОДСТВО**

Име на местото/локацијата/ единицата на производство______________

Место:______________________Улица и број:______________________

Поштенски број:______________Телефон:______________

ФИТО-МИБ:______________ ЗМС-МИБ:______________

А- Податоци за единицата на производство кај местото на производство

| Реден број на единицата на производство | Домашно име на единицата на производство | Катастарска општина | Број на катастарска парцела | Намена на единицата на производство | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ха | ар | $м^2$ |
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | |

Б- Податоци за видот на земјоделски растенија или растителни производи

| Реден број на единицата на производство | Назив на растенијата или растителните производи | Сорта/ подлога/ група на растенија | Вид на саден материјал | Тип на пасош за растенија | | CC | Количина планирано земјоделско производство | Мерна единица Парче/ кг/ $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ПЗР | За ZP | | | |
| 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | |

Прилози: - копија од катастарскиот план со исцртани објекти и земјиштето наменети за производството
- планот за садење

Со потписот гарантирам за точноста на податоците

Дата ______________ ______________________________

Потпис и печат на сопственикот односно на одговорното лице во правното лице

**УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА ГОДИШНОТО ПРОИЗВОДСТВО**

Во поглавјето I.- сопственикот на растенијата мора да ги наведе сите барани податоци.

Поглавје II.- Место на производството

За секое место на производство потребно е да се поднесе посебен образец од пријавата за годишното производство! Пополнете толку обрасци колку што имате ФИТО-МИБ броеви (на секој образец мора да бидат податоците за едно место на производство односно една единица на производство).

Внесете го ЗМС-МИБ (матичен идентификациски број на земјоделско стопанство) доколку сте внесени во Регистарот на земјоделски стопанства.

Поглавје II., табела А – ПОДАТОЦИ ЗА ПРОИЗВОДНИТЕ ЕДИНИЦИ НА МЕСТОТО НА ПРОИЗВОДСТВО:

Називот на единицата на производство кога е можно да се напише. Една единица на производство (нива, насад) може да има повеќе катастарски парцели. Во тој случај, под ист реден број на единицата на производство во рубриката – број на катастарска парцела-внесете ги сите катастарски парцели од кои е составена единицата на производство. Броевите на катастарските парцели одвоете ги со запирка.

Ако една единица на производство (заокружена група од катастарски парцели) се протега во две катастарски општини, треба да се подели на две одвоени производни единици, во поглед на катастарските општини.

На една катастарска парцела може да се има повеќе производни единици. Во овој случај секоја единица на производство се води под друг реден број, со тоа да бројот на катастарската парцела и катастарската општина да е ист.

Називот на катастарската општина и броевите на катастарските парцели внесете ги врз основа на извод од катастарот.

Во рубриката НАМЕНА – одберете од листата на кратенки:

- **РУ** – расадник на украсни растенија
- **РО** – расадник на овошни садници
- **РЛ** – расадник на лозови калеми
- **МУ** – матичнак на украсни растенија
- **ОМ** – овоштарски матичнак
- **ЛМ** – лозов матичнак
- **СП** – семенски посев на отворено
- **ППУ** – покриен простор за украсни растенија
- **ППГ** – покриен простор за градинарски растенија

Површината внесете ја како што е наведено (1ха=10 000м$^2$, 1декар=1000м$^2$, 1ар=100м$^2$ ). Кај единицата на производство со повеќе катастарски парцели, површината соберете ја и внесете ја вкупната површина.

Поглавје II., табела Б – ПОДАТОЦИ ЗА ВИДОТ НА РАСТЕНИЈАТА ИЛИ РАСТИТЕЛНИОТ ПРОИЗВОД

Реден број на единицата на производство–наведете го редниот број под кој производната единица е наведена во табелата А.

Назив на растенијата или растителните производи – наведете го македонското или латинското име. Ако е збор за украсни растенија обавезно внесете го латинското име;

Сорта / подлога / група на растенија – кај овошниот и лозовиот материјал внесете ја сортата или групата на растенија. Кај растенија кои се калемени на подлога, внесете ја сортата и подлогата, така да се одвоени со коса црта (пр. глостер/М9). За украсните и зељестите растенија не е потребно да се наведуваат сортите.

Вид на садниот материјал – одберете од следниве кратенки:

**ЛК** – лозови калеми (внесете само ако ги купувате од друго место или увезувате)
**ЛУК** – луковици, кртоли,
**МПК** – матични растенија за производство на калеми
**МПП** – матични растенија за производство на подлоги
**ПО** – подлоги
**ПР** – пресадници
**СА** – садници
**СЕ** – семе

Типови на пасоши за растенија – впишете го видот на пасошот за растение кој се однесува на пријавеното производство: **ПЗР** – стандарден пасош за растенија: за **ZP** – пасош за растенија за заштитена зона;

Сертификат на Снабдувачот (СД) – врз основа на прописите за пласирање на пазар (маркетинг) на семе и саден материјал;

Количина планирано производство – наведете ја целата количина на растенија кои се произведуваат на таа производна единица во парчиња, кг, или во случај на семенски посеви во м$^2$;

Пополнетите барања копирајте ги и копијата да се чува!

Оригиналните барања да се доставаат до Фитосанитарна управа.